**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-24

Скопје 29.12.2021 г.

До: г-дин

Предмет: Одговор на Претставка

Почитуван ,

Во врска со Вашата претставка (наш арх. бр. 03-24 од 28.12.2021 г.), Ве известуваме дека врз основа на наоди од вонреден надзор, на седницата од 24 декември 2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение, на ТВ Алфа да ѝ се изрече мерка – јавна опомена, со налог во рок од 30 дена од приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Веќе е почнат рокот од 30 дена во кој ТВ Алфа треба да го означи серијалот „Величествениот" како програма од трета категорија (12+) и да го емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. По истекот на овој рок, Стручната служба на Агенцијата, согласно со членот 27 став 5 од ЗААВМУ, ќе направи контролен надзор за да утврди дали радиодифузерот постапил по решението на Советот. Ако радиодифузерот го усогласил своето работење според ЗААВМУ - постапката завршува, а во спротивно - Стручната служба во извештајот од контролниот надзор ќе предложи Советот да поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Преку веб-страницата на Агенцијата, на која се објавуваат извештаите од надзор, записниците од седниците на Советот и неговите решенија за изрекување мерки, можете да го следите и текот на постапката за ТВ Алфа, почната врз основа на Вашата претставка.

Ви благодариме за соработката.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED